Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 96/19 и 110/19), како и врз основа на член 50 став 6 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 161/2019) министерот за образование и наука донесе скратена наставна програма по наставниот предмет музичко образование за III одделение на деветгодишното основното образование за учебната 2020/21 година

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# СКРАТЕНА НАСТАВНА ПРОГРАМА

# МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

III ОДДЕЛЕНИЕ

ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

1. **Вовед**

Скратената наставна програма по наставниот предмет музичко образование се базира на целите/очекуваните резултати предвидени со наставната програма за наставиот предмет што редовно се реализира согласно утврдениот наставен план.

Со скратенета програма се утврдуваат определени теми и наставни единици што треба да се реализираат за 159 наставни денови, при што се запазува предвидениот неделен фонд на часови утврден во редовната програма, 2 часа неделно, 64 часа годишно.

Наставникот при планирањето и реализацијата на наставните единици од скратената програма се води од целите/очекуваните резултати, определените поими, методите и активностите утврдени во редовната наставна програма.

2. **Преглед на теми и наставни единици**

Тема/Подрачје

- ИЗВЕДБЕНИ АКТИВНОСТИ (пеење, свирење на детски музички инструменти и музичко изразување и творење) – 28 часа
- СЛУШАЊЕ МУЗИКА – 27 часа
- МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ – 9 часа

Наставни единици

- **ИЗВЕДБЕНИ АКТИВНОСТИ (пеење, свирење на детски музички инструменти и музичко изразување и творење) – 28 часа**

1. Вежби за правилен пејачки став и правилно дишење (контрола на внесување и испуштање воздух)
2. Пеење тематски песни (Песна за училиштето)
3. Препознавање на имињата на тоновите и на траењата
4. Пеење вежби по нотен запис (кратки модели со тоновите сол и ми со четвртини ноти и паузи)
5. Пеење со тактирање

6. Пеење фрази од песна (фрази, реченици, строфи)
7. Пеење детски народни песни (по избор на наставникот)
8. Пеење детски уметнички песни (по избор на наставникот)
9. Изведување бројалки со точен ритам и јасна дикција (пр. Едно цвеќе шарено, пеперутка лета, трака-лак)
10. Изведување бројалки со ритмизирање со примена на детски музички инструменти
11. Изговарање на брзозборки со јасна дикција (Петко пеш по патот)
12. Видови и содржина на брзозборки
13. Изговарање брзозборки со одредена брзина, правилен редослед и јасна дикција (Петко пеш по патот)
14. Изработка на удиралки
15. Изведување ритмички мотиви со плескање со раце, тропање со нозе и инструменти стапчиња, тропалки, барабанче, триангл и сл, на веќе изучена бројалка Петко пеш по патот
16. Воведување во свирење на блок флејта
17. Вежби за правилно дишење, држење на инструментот и дување
18. Запознавање на позицијата на тоновите сол и ми
19. Свитење на тоновите сол и ми
20. Свирење по нотен запис со внимание на траењата, техника на свирење
21. Вежби за свирење на блок флејта
22. Наједноставни чекори на детски танци
23. Изведба на едноставни танци
24. Изведба на народно оро
25. Изведба на едноставни танци и ора
26. Музичка игра и драматизација
27. Инпровизација на танцови движења
28. Движење по слободно доживување на песна со текст

- **СЛУШАЊЕ МУЗИКА – 27 часа**

**<u>Слушање музички дела од областа на вокалната музика</u>**

1. Слушање музички примери од вокална музика
2. Воочување на видот на изведбата (само гласови)
3. Разговор за гласовите (детски, машки, женски)

4. Воочување на брзината: брзо, бавно, умерено
5. Воочување на јачината: тивко, јако
6. Разговор за чувства и доживувања при слушање на вокална музика

**<u>Слушање музички дела од областа на инструменталната музика</u>**

7. Слушање музички примери од инструментална музика
8. Воочување на видот на изведбата (само инструменти)
9. Разговор за инструментите (исти, различни), дали свири сам или свират заедно
10. Воочување на брзината: брзо, бавно, умерено
11. Воочување на јачината: тивко, јако
12. Разговор за чувства и доживувања при слушање на инструментална музика

**<u>Вокално-инструментална музика</u>**

13. Слушање на химната 9вежби за правилно однесување при слушање на химна)
14. Слушање музички примери од вокално-инструментална музика
15. Воочување на видот на изведба (заедно глас/гласови и инструмент/инструменти)
16. Воочување на бројот на изведувачите (еден или повеќе)
17. Воочување на брзината: брзо, бавно, умерено
18. Воочување на јачината: тивко, јако
19. Разговор за чувства и доживувања при слушање на вокално-инструментална музика

**<u>Слушање и доживување на целосно музичко дело</u>**

20. Повеќекратно слушање на делото со различни задачи
21. Разговор за карактерот на слушаното дело (весел, тажен игрив)
22. Поврзување на карактерот со насловот на композицијата
23. Користење картички со слики за препознавање на делото
24. Воочување на конкретните карактеристики на слушаните дела (инструмент, глас, состав, брзина, јачина)
25. Изразување на сопствено доживување/расположение при слушање на целосно музичко дело
26. Слушање музика од цртани филмови или филмови за деца

27. Препознавање динамика во музика од цртани филмови/филмови за деца

- **МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ – 9 часа**

1. Визуелно препознавање на тоновите сол и ми и нивно запишување на петтолиние
2. Пеење и свирење по ноти на мелодиски вежби со тоновите сол и ми
3. Запознавање со положбата на тоновите ла, ре до1 во соодност со сол и ми и нивно визуелно препознавање на петтолиние
4. Вежби со тоновите ла, ре до1 и сол и ми
5. Четвртина нота и траење на ударот во тактирање
6. Вежби за визуелно препознавање и запишување на четвртина нота и четвртина пауза
7. Ритмички вежби со четвртина нота и четвртина пауза на неутрален слог со тактирање
8. Ритмички вежби со четвртина нота и четвртина пауза со СОЛ и МИ (парлато) со тактирање
9. Пеење/свирење мелодиски вежби со сол и ми запишани како четвртина нота

## 3. Дидактички препораки

Наставните содржини по музичко образование овозможуваат корелација и интегрирање со сите наставни предмети кои се изучуваат во трето одделение.
Препорака за користење на годишниот фонд на часови од оваа скратена наставна програма по музичко образование во трето одделение е: ИЗВЕДБЕНИ АКТИВНОСТИ (пеење, свирење на детски музички инструменти и музичко изразување и творење) – 28 часа; СЛУШАЊЕ МУЗИКА – 27 часа; МУЗИЧКА ПИСМЕНОСТ – 9 часа.
Планирањето на наставната програма по македонски јаизк треба да биде во координација со наставниот план и програмата за овој предмет и да ги опфаќа програмските содржини на сите образовно-воспитни подрачја.
Појдовна основа при планирањ е да бидат целите и наставната материја, а временскиот рок да зависи од нив. Пристапот кон истите од страна на наставникот треба да биде на тој начин учениците да стекнат трајни знаења кои за нив ќе бидат применливи во понатамошното школување и по завршувањето на истото.
При одредувањето на бројот на часовите на предметните подрачја треба да се имаат предвид и специфичностите на условите за изведување на оваа настава во училиштето каде што работи наставникот, условите во домовите на учениците како и потребите и препораките со моменталната ситуација со пандемија од Ковид-19.

При палнирањето да се внимава при изборот на активностите и формата на работа имајќи ја предвид моменталната ситуација со Ковид-19 (каде треба наставата да се реализира со почитување на социјална дистанца помеѓу учениците и наставникот која најмалку треба да изнесува 2 метра, користење на заштитни маски, средства за хигиена итн.), односно домот (со оглед на тоа што условите може да налагаат наставата да се реализира онлајн, односно преку учење на далечина) каде што работи наставникот.

## 4. Норматив за наставен кадар

Скратената наставна програма ја реализира наставик согласно нормативот за наставен кадар даден во редовната настава програма

Скратената наствна програма по наставниот предмет музичко образование за трето одделение на деветгодишното основно образование ја утврди

Арх. Бр. 12-8424/205
16.09.2020

Министер за образование и наука
Мила Царовска